ОПШТИНСКИ
# ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр. 1 - Септември 2018

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk

## Во Крива Паланка свечено одбележан Денот на независноста на Република Македонија

Со највисоки почести, Општина Крива Паланка, во присуство на повеќе од 20 делегации и амбасадорот на Шпанија во Република Македонија, НЕ Емилио Лоренцо Сера, го одбележа Денот на независноста.

По повод 8- ми септември, Денот на прогласување на суверена, самостојна и независна Република Македонија, делегациите положија свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци пред Општината.



## Градоначалникот Мицевски им посака успех на првачињата

Со почетокот на новата учебна година, во училишните клупи во двете општински основни училишта Јоаким Крчовски и Илинден и едното средно општинско училиште Ѓорче Петров, во општина Крива Паланка седнаа околу 2200 ученици.

За прв пат училишното ѕвоно означи почеток на образованието и за 178 првачиња. Тие се запознаа со нивните наставници и новите другарчиња со кои ќе го делат знаењето во наредните девет години. Првачињата свечено беа пречекани од страна на вработените во училиштата, беа поздравени од директорите на училиштата, а големо Среќно добредојде им посака и градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски, кој за среќен почеток на првачињаета им поради скромни подароци со училишен прибор.

-Влегувањето во училиштето е еден почеток за вас мали принцови и принцези. Пред Вас е еден предизвик кој носи нови почетоци и можности да чекорите во Вашата иднина. Наставниците се тие кои ќе Ве насочат правилно да го изберете патот и да се надградите во идни успешни граѓани на нашиот град и нашата држава, па и пошироко. Среќен сум што точно пред 40 година од овие училишни клупи го започнав моето образование“-истакна градоначалникот во својот поздравен говор пред првачињата.

## Шпанскиот амбасадор Сера во посета на Крива Паланка

Амбасадорот на Кралството Шпанија во Македонија, НЕ Лоренцо Емилио Сера, ја посети општина Крива Паланка во рамки на манифестацијата „Викенд на шпански филм“.



На приемот кај градоначалникот Борјанчо Мицевски Сера потенцираше дека градот Крива Паланка за него е дефиниција за богата култура и уметност.

– Не згрешив кога решив кратко да го опишам градот како јадро на културата, зашто манастирот Свети Јоаким Осоговски ме импресионираше при првата моја посета во февруари годинава, кога бев присутен и на уникатната изложба на карикатури, а драго ми е што сега слушам за вашиот десетти јубилеен меѓународен театарски фестивал. Вечерва ќе го промовираме филмот кој е создаден на Тенерифе, моите родни Канарски острови, рече Сера.

Градоначалникот Мицевски му додели плакета од Општина Крива Паланка во знак на пријателство и соработка.
Во периодот од седми до 11 септември кривопаланчани проследија пет современи остварувања на шпанската кинематографија, која важи за светски реномирана и високо ценета од филмските критичари, но и од публиката.



## Признание за веб сајтот на општина Крива Паланка од Здружението за промоција и развој на инклузивно општество- ИНКЛУЗИВА




Во рамки на работилницата, организирана од страна на Здружението за промоција и развој на инклузивно општество – ИНКЛУЗИВА, на тема „Референдум за сите“ на која што беа презентирани активностите во насока на подобрување на можностите за остварување на гласачкото право на лицата со попреченост, кои што Здружението ги презема во пресрет на претстојниот референдум, претставниците на Здружението доделија признание на градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски, за **најдобро адаптирана интернет страница за лица со попреченост** .

## Започна имплементацијата на проектот „Цело е кога има се“



Проектот „Цело е кога има се“ е во рамки на Програмата за општинско корисна работа 2018, а е подржан од Програмата за развој на УНДП, МТСП, АВРМ и Општина Крива Паланка.

Проектот се спроведува во основното и средното образование преку вклучување на седум образовни асистенти за деца кои имаат попреченост во развојот, а се вклучени во редовниот процес на образование.

Асистентите се присутни за време на часовите со учениците со попреченост и им помагаат во нивните училишни и домашни задачи, односно ги дополнуваат наставниците и професорите кои што работат со овие деца. Асистентите ќе бидат вклучени девет месеци односно во учебната 2018/2019 година на скратено работно време по четири часа дневно.

Исто така проектот опфаќа и вклучување на социјален работник во Дневниот центар за лицата со интелектуална попреченост со дополнителни активности и вклучување на физиотерапевт масер за лица кои се постари, а на кои им е потребна релаксирачка масажа. Овие лица ќе бидат ангажирани со скратено работно време од четири часа дневно во времетраење од шест месеци.

## Се креира визија за Осогово како идно заштитено подрачје

Во општина Крива Паланка, преку Програмата за зачувување на природата во Македонија – проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), се одржа работилница на тема „Креирање визија за Осогово – идно заштитено подрачје“.

Работилницата беше одржана со цел локалното население и засегнатите страни да се информираат за активностите поврзани со процесот за прогласување на Осогово како идно заштитено подрачје и да се вклучат во креирањето заедничка визија за Осоговскиот регион.

Градоначалникот на општина Крива Паланка Борјанчо Мицевски ја отвори работилницата и истакна дека заштитата на природата е важна како и благосостојбата на локалното население и од тој аспект нагласи дека заштититените зони не треба да претставуваат пречка за социо-економскиот развој на општината и реализација на развојните планови и проекти.Тој истакна дека покрај природните вредности овој регион е богат и со културни и традиционални вредности кои треба да се зачуваат.

Дел од Осоговските планини се предвидува да бидат заштитени во категоријата заштитен предел.



## Прв аматерски турнир во тенис „Крива Паланка-Ранковце опен“

На 22.9.2018г.на тениските игралишта во Крива Паланка и Ранковце се одржа првиот аматерски турнир во тенис „Крива Паланка-Ранковце опен“.



Аматерскиот тениски турнир се оддржува по иницијатива на двајцата волонтери и етузијасти од Крива Паланка, Игор Петровки и Горан Станковски, во соработка со Општина Крива Паланка и Ранковце, како и голем број подржувачи и спонзори.

Победник на првиот турнир „Крива Паланка-Ранковце опен“ е Горан Станковски кој во финалето го победи Илчо Славевски.

# Потпишан Меморандум за соработка со Стопанската комора на Македонија



Во Крива Паланка беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Стопанската комора на Македонија и Општина Крива Паланка.

Со Меморандумот се предвидува интензивирање на соработката помеѓу Комората и Општината во поглед на заедничко третирање на определени прашања на локално и регионално ниво, преку вклучување на бизнис заедницата во активностите на локалната самоуправа, со посебен акцент на прашањата од областа на локалниот економски развој и образованието.



На средбата присуствуваше и министерот за надворешни работи, Никола Димитров кој ја поздрави соработката и истакна дека реализирањето на стратешките определби за влез во ЕУ и НАТО ќе отвори нови перспективи во регионот, како дел од големата европска фамилија и евро-атланската алијанса дополнително ќе ја зајакне нашата економија и ќе се добие пристап до многу фондови кои ќе бидат од помош за граѓаните и бизнис заедницата.

Во кратката официјална посета на министерот беше разговарано и за перспективите и предизвиците со кои се соочува општината како и за актуелизирање на прашањето со граничните премини кон Босилеград и Трговиште.

# Заврши десеттиот Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“

На сцената НУ Центар за култура –Крива Паланка, со претставата „Јас веќе не судам, тие ми пресудија мене“ во изведба на драмската секција на средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ го заокруживме овогодинешното десетто по ред издание на Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“.
Претставата е работена во режија на професорките по македонски јазик и литература, Зорица Давитковска, Елена Јакимовска и Даниела Стојмировска.
Кривопаланечката публика имаше можност да ужива во репертоарот и прекрасните изведби на театрските уметници од Хрватска, Србија, Бугарија и Македонија.
Гостуваа девет театарски ансамбли и театри: Театар „Комедија“, Народен театар „Јордан Хаџи Константинов – Џинот“ од Велес, Општински народен театар „Невена Коканова“, Дупница, Бугарија, „Југоарт продукција“ и Агенција „Призор плус“, Белград, Србија, Народен театар „Стерија“, Вршац, Србија, Градски театар „Јоза Ивакиќ“, Винковци, Хрватска, театар „Солзи и смеа“, Софија, Бугарија.



**Благоја Чоревски**

**лауреат на Театарскиот фестивал Свети Јоаким Осоговски**

Во рамки на придружната програма на фестивалот се оддржаа промоции на книжевните дела: „Крилести одаи“ на младата авторка Јоана Шишкова, збирка од три драмски текстови од Трајче Кацаров, како и театарски критики во стих од Тодор Кузманов. Програмата понуди и две изложби на фотографии и тоа: Фотографии на прималеририната Зоица Пуровска Велевска и ретроспективна изложба на театарска фотографија и плакат од Стојанче Величковски.



# Ревија на автентични носии од кривопаланечкиот крај



На 22.03.2018 год. членовите на културно-уметничкото друштво ,,Карпош“ од Крива Паланка оддржаа ревија на автентични носии од кривопаланечкиот крај. Настанот се оддржа пред платото на ЛУ Градски музеј, Крива Паланка, а на ревијата учествуваа околу осумдесетина млади играорци и играорки.

Ревијата на автентични народни носии е активност од проектот ,,Потенцијалите на автетнтичните народни носии и уникатниот фолклор“, кој КУД Карпош го имплементира со финансиска поддршка на Општина Крива Паланка, со средства предвидени со Програмата за финансирање на здруженија и граѓански организации за 2018 г.

## Интензивни градежни активности за подобрување на комуналната инфраструктура

Во изминатиов период, во втората половина од месец септември, Општина Крива Паланка имаше интензивни градежни активности за подобрување на постоечката инфраструктура на територијата на општината.

Извршено е комплетно санирање и проширување на патот кон с. Мартиница во должина од 4 километри и делумно санирање и проширување на патишта во атарот на с. Конопница во должина од 3 километри.





Интензивно се работи на потпорниот ѕид кај свлечиштето во месноста „Дурачка Река“, кој е изграден со габиони од плочест камен заради подобра статичка композитност на градбата, подобра носивост и подобар изглед.



Изградени се две потпорни стени покрај пешачката патека „Висока зона–лев брег“, а истовремено продолжуваат активностите за изградба и уредување на пешачката патека. Се работи на пешачка патека на улица „Македонска“ со изградба на потпорни стени во должина од над 30 метри и висина од 3-6 метри.



Асфалтирани се околу 700 м$^2$ во школскиот двор на училиштето „Илинден“, околу 450 м$^2$ двор во детска градинка „Детелинка“, а асфалтирано е и спортско игралиште со површина од 80 м$^2$ во месноста „Дурачка Река“ кај Маневски Мост.



## Во Крива Паланка се одбележа денот без автомобили -Комбинирај и движи се

По повод Европската недела на мобилност, Општина Крива Паланка во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање се вклучи во настанот „Комбинирај и движи се“, со активности што се преземаат за заштита на животната средина и на природата.

Овој ден 21.09.2018 г. општина Крива Паланка го обележа како Ден без автомобили, кога традиционално кај нас и во светот, се затвора сообраќајот на една или повеќе фреквентни сообраќајници и истите се резервираат за велосипедисти, пешаци или за јавниот транспорт. Целта е да се испрати силна порака за користење на алтернативните видови транспорт и за комбинирање на одржливите начини на превоз до саканата дестинација.

## Нови смарт-табли и персонални компјутери во СОУ Ѓорче Петров



Оваа учебна година учениците во СОУ „Ѓорче Петров“ ја започнаа со нови осум смарт табли, со што вкупно на располагање имат 10 смарт табли за учениците од гимназиското образование и со нови 24 персонални компјутери за кабинетот по информатика.
Новата опрема училиштето ја набави со сопствени финансиски средства.

## Крива Паланка се вклучи во европската недела на спортот



По повод европската недела на спорт, Општина Крива Паланка во соработка со Агенцијата за млади и спорт се вклучи во настанот, насловен со предизвикот #MyWeek #BeActive. Овој ден 27.09.2018 година, општината го одбележа со активности во фудбал (машки) и кошарка (женски) помеѓу ученици од ООУ „Илинден“ и ООУ „Јоаким Крчовски“.

Настанот го отвори градоначалникот на општина Крива Паланка Борјанчо Мицевски истакнувајќи дека можностите за спортување во Крива Паланка се големи само е потребно да се појави желба кај секој поединец.
Крива Паланка покрај постоечките активности во фудбал, кошарка, пинг-понг, карате веќе ги отвори вратите за тренирање во ракомет, шах, тенис. На настанот присуствуваше и претставникот од Агенција за спорт и млади, националниот координатор на проектот Александра Дичевска .